Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на ден 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1433/1 од 30.04.2025 година, со општи и неконкретизирани наводи, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1433/1 од 30.04.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 30.04.2025 година, е поднесена пријава против службеното лице -------- – Градоначалник на Општина --------, по која е оформен предмет со број 12-1433/1 од 30.04.2025 година.
Пријавата е доставена до електронските адреси на Министерство за образование и наука на РСМ и Министерството за социјална политика на РСМ, демографија и млади, вклучувајќи и ја електронската адреса на ДКСК.
Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на тоа дека од страна на Градоначалникот на Општина --------, во месец јануари 2025 година било доставено барање до директорите на основните училишта да ја подготват и да ја поднесат потребната документација за кандидатите - наставници кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време.

Во продолжение се наведува дека вработените наставници кои ги исполнувале условите ја доставиле документацијата до Општината, односно до Комисијата за трансформација потребните документи за трансформација на работен однос, но до поднесување на пријавата не добиле никаков одговор од истата Комисија.
Исто така, се наведува дека блиски луѓе на Директорот на Државниот ---------- на РСМ, -------- ширеле информации дека никој од кандидатите нема да добие трансформација на работниот однос и покрај тоа што сите кандидати ги исполнувале условите.

По разгледувањето на наводите во пријава, ДКСК констатира дека за истите нема елементи за надлежно постапување, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а пријавата е доставена и до надлежните органи, односно до Министерство за образование и наука на РСМ и Министерствто за социјална политика на РСМ, демографија и млади на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик - претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk